**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 август 2016 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во јуни 2016 година

Во јуни 2016 година во тековната сметка бележиме дефицит од 22,6 милиони евра, додека во финансиската сметка се остварени приливи врз основа на заеми, а одливи врз основа на директни инвестиции.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија

(во милиони евра)

| | VI-2016 | I-VI.2016 | месечна промена | | годишна промена | | кумулативна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-22.6** | **-180.9** | **41.6** | -64.8 | **-26.1** | …* | **-52.3** | 40.7 |
| Стоки | **-156.2** | **-914.6** | **18.6** | -10.6 | **-20.0** | 14.6 | **-48.1** | 5.5 |
| Услуги | **21.9** | **188.4** | **-4.1** | -15.8 | **-4.0** | -15.4 | **27.6** | 17.1 |
| Примарен доход | **-19.3** | **-117.3** | **-1.3** | 7.0 | **-0.9** | 4.9 | **-6.9** | 6.2 |
| Секундарен доход | **131.0** | **662.6** | **28.4** | 27.7 | **-1.2** | -0.9 | **-24.9** | -3.6 |
| **Капитална сметка** | **0.1** | **4.9** | **0.0** | | **-0.5** | | **2.2** | |
| **Финансиска сметка** | **-16.3** | **-188.8** | **55.6** | | **-22.8** | | **-85.7** | |
| Директни инвестиции | **16.1** | **-115.4** | **50.3** | | **34.4** | | **-0.8** | |
| Портфолио инвестиции | **-6.6** | **1.7** | **-8.8** | | **-14.5** | | **4.4** | |
| Валути и депозити | **-8.8** | **105.9** | **-13.0** | | **-64.6** | | **-30.8** | |
| Заеми | **-16.7** | **-89.1** | **-2.7** | | **-14.4** | | **-217.8** | |
| Трговски кредити | **24.5** | **27.5** | **21.4** | | **19.6** | | **50.1** | |
| Девизни резерви | **-24.9** | **-119.4** | **8.4** | | **16.8** | | **109.4** | |

…* Процентот е над 100.
Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство, со исклучок на девизните резерви каде означува нето-одливи.
Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Во тековните трансакции со нерезиденти во јуни 2016 година е остварен дефицит од 22,6 милиони евра. Дефицитот на тековната сметка во најголем дел произлегува од дефицитите остварени во стоковната размена (156,2 милиона евра) и примарниот доход (19,3 милиони евра), коишто само делумно се нетираат со суфицитите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (131 и 21,9 милиони евра, соодветно).

Негативното салдо на тековната сметка, за првата половина од 2016 година изнесува 180,9 милиони евра, продлабочено за 52,3 милиони евра во однос на истиот период минатата година. Зголемениот дефицит на тековната сметка е резултат на намалените нето-приливи

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

кај сите компоненти на тековната сметка, со исклучок на подбилансот на услуги (повисок суфицит за 27,6 милиони евра). Така, дефицитот од размената на стоки е повисок за 48,1 милион евра, а кај примарниот доход за 6,9 милиони евра, додека суфицитот кај секундарниот доход е понизок за 24,9 милиони евра.







Извор: НБРМ.

## *Финансиска сметка*

Во финансиската сметка, во јуни бележиме нето-приливи од заеми (16,7 милиони евра), валути и депозити (8,8 милиони евра) и портфолио-инвестиции (6,6 милиони евра), а нето-одливи од трговски кредити (24,5 милиони евра) и директни инвестиции (16,1 милион евра). Покрај тоа, девизните резерви овој месец се намалени за 24,9 милиони евра.

Кај обврските врз основа на директни инвестиции (вложувања од нерезиденти кај резиденти) во јуни се остварени нето-одливи од 1 милион евра, при позначителни нето-одливи кај реинвестираната добивка од 14,8 милиони евра (поради исплатите на дивиденди во износ од 31,5 милиони евра), што во најголем дел се нетирани со нето-приливите од должнички инструменти (12,3 милиони евра) и сопственички капитал (1,5 милиони евра). Кај средствата од директни инвестиции (вложување на резидентите кај нерезиденти), во јуни бележиме нето-одливи од 15,1 милион евра, главно како вложувања во сопственички капитал во странство. Збирно, во првата половина од годината, директните инвестиции на нето-основа изнесуваат 115,4 милиони евра, што е речиси идентично остварување со нето-вложувањата за истиот период минатата година.

Збирниот дефицит на тековната сметка во првата половина од годината (180,9 милиони евра) главно беше финансиран преку нето-приливите од директни инвестиции и заеми.







Извор: НБРМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари-мај 2016 година. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат преку статистичките извори на податоци.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс:
http://www.nbrm.mk/?ItemID=5ED8DADBAEF3C947A047BBAA641BBD7D

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/?ItemID=5ED8DADBAEF3C947A047BBAA641BBD7D

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Месечен платен биланс: 30 септември 2016 (референтен пресек заклучно со јули 2016 и ревизија на податоците за 2014 и 2015 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).